# ДОГОВОРНА ОДГОВОРНОСТ ЗА НАДОМЕСТ НА НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА

**Предавач: Лидија Тасева**

судија на Врховен суд на Република Северна Македонија – во пензија

# Дефиниција според ЗОО

- Договорот е ***склучен*** кога договорните страни се ***спогодиле*** за ***суштествените состојки*** на договорот

  (чл.18 од ЗОО)



# Дејство и значење



## СПОРОВИ ЗА НАДОМЕСТ НА НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА И НАСОКИ КАКО ТАА СОСТОЈБА ДА СЕ ПРЕМОСТИ

**Едно од основните начела на Законот за облигационите односи вградено во член 9 насловен како „Забрана на предизвикување на штета“ е дека секој е должен да се воздржи од постапка со која може на друг да му предизвика штета.**

**Основни цели на судската власт**

- Судиите во примена на правото ги заштитуваат човековите слободи и права (Закон за судовите чл. 2 ст. 2)
- Еднаков пристап при заштитата на повреденото право

Повреденото право / слобода предизвикува нарушување на личниот интегритет на засегнатото лице, па неговото обраќање до судот мора да се сфати како израз на доверба во институциите од кои се очекува правичен и легитимен исход.

# Дејство и значење

- Договорот претставува **правно дело** само кога правото за него врзува определени **правни последици**.

- *Не е договор постигната согласност на волја која не ги врзува странките што ја постигнале!*

**ПРИМЕР НА НЕВРЗУВАЊЕ (НЕМА ПРАВНИ ПОСЛЕДИЦИ):**
пријателско ветување дека пријатели ќе одат на излет.

**ПРИМЕР НА ВРЗУВАЊЕ (ПРАВНИ ПОСЛЕДИЦИ):**

доколку едно лице се обврзе да изведе на шетање болен човек за тој да може да се раздвижи, па дури и кога едно лице ќе се обврзе да го изведува секој ден кучето на лицето што го нарачува тоа

# Претпоставки за договорна одговорност за штета

- Полноважна обрска од договорот или некој друг облигационен однос (неисполнета или неуредно исполнета)
- Другата страна поради тоа да претрпела штета
- Да не постојат околности кои ја исклучуваат одговорноста на прекршителот

# Забрана на предизвикување на штета

Секој е должен да се воздржи од постапка со која може на друг да му предизвика штета – член 9 Законот за облигационите односи (ЗОО)

# Лични права на физички и правни лица

- Право на живот
- Телесно и душевно здравје
- Чест, углед, достоинство, лично име, приватност на личниот и семејниот живот, слобода, интелектуално творештво и други лични права

- Правните лица ги имаат сите наведени лични права, освен оние врзани за биолошката суштина на физичкото лице, а особено правата на добар глас и углед, назив, односно фирма, деловна тајна, слобода на претприемништво и др.
- На пример, опаѓање на прометот, губење на пазарот, намалување на бројот на купувачите, опаѓање на кредибилитетот и сл.

# Надомест на нематеријална штета

Повреда на личните права → Морална сатисфакција

Повреда на личните права → Материјална сатисфакција

Член 187-а од ЗОО

# Нематеријално надоместување на штета (Морална сатисфакција)

На трошок на штетникот

- Објавување на пресуда, односно исправка
- Повлекување на изјавата со која е сторена повредата или нешто друго → да се оствари целта која се постигнува со справедливиот паричен надоместок

# Материјално надоместување на штетата (Материјална сатисфакција)

Паричен надомест за:

- Физички болки
- Душевни болки
- Страв и
- други повреди на телесно и душевно здравје – повреда на заштитените лични права

# Надоместок за страв

**Предизвикан од повреда на некое лично право**

Доживеаниот страв кој може да ја оправда целта за која служи надоместокот, треба да биде од таков степен што кај оштетениот предизвикал **психички трауми**, **душевен потрес** или **шок** во кој оштетениот се нашол поради штетниот настан, како и **подоцнежната основана загриженост** заради можните смртни, односно тешки последици од повредата

# Лица кои можат да остварат право на заштита

Справедлив надоместок во случај на смрт или тежок инвалидитет

- Членови на потесно семејство, како оштетени лица: брачен другар, деца и родители
- Браќа и сестри, дедовци и баби, внуци и вонбрачен другар – доколку постоела потрајна животна заедница меѓу нив
- Родители во случај на загуба на зачнато, а неродено дете

- Лица спрема кои со измама, принуда или злоупотреба на некој однос на потчинетост или зависност е извршено кривично дело против половата слобода и половиот морал

# Идна нематеријална штета

Доколку според редовниот тек е извесно дека штетата ќе трае и во иднина- Член 192 од ЗОО

# Наследување и отстапување на побарување на надомест на нематеријална штета

- Побарувањето преминува врз наследникот само ако е признаено со правослина пресуда или со писмена спогодба
- Тоа побарување може да биде предмет на отстапување, пребивање и на принудно извршување

# Критериум за определување на висината на надоместокот

- Видот на повредата
- Заштитеното повредено добро (право)
- Траењето на последиците – физички болки, страв, душевни болки и други околности кои објективно можат да претставуваат сатисфакција за оштетеното лице

# Посебни закони со кои се заштитуваат личните права

- Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета
- Закон за спречување и заштита од дискриминација
- Закон за авторското право и сродните права
- Закон за индустриска сопственост
- Закон за работни односи
- Закон за заштита на потрошувачите
- Закон за задолжително осигурување во сообраќајот

# Заклучок

- Концептот на нематеријална штета се движи во позитивна насока на предвидување на една општа обврска за надомест на нематеријална штета (посебно или заедно со материјалната) во сите случаи на нејзино причинување без оглед дали причината е противправно (деликтно) дејствие или повреда на постоечка договорна обврска.

# ПОЧИТУВАНИ

**Благодарам на вниманието**

Прашања ?